# ападен Балкан GEFF 2 - Шпаркасе банка Македонија

Земја: Северна Македонија

Број на проект: 52725

Деловен сектор: Финансиски институции

Вид на инвестиција: Приватен сектор

Еколошка категорија: Финансиски институции

Датум на одобрување: 4 мај 2021

Статус: **Одобрен**

Објава на Резиме на проектот: 5 февруари 2021

*Согласно сегментот 1.4.2.(iii) од Директивата за Пристап до информации: ,,За проекти одобрени од менаџментот на Банката, каде Бордот на Директори делегирал право на овластување, документот за Резимето на проектот ќе биде објавен на почетокот на релевантниот период за известување, наведувајќи дека нема приговор од земјата членка на Банката, согласно Член 13 (iii) од Договорот за основање на ЕБРД.“*

## Опис на проектот

Обезбедување на долгорочен кредит без гаранција од ЕУР 3 милиони, за Шпаркасе Банка Македонија, од Програмата за финансирање на еколошки проекти - GEFF за Западен Балкан 2(GEFF Western Balkans 2).

## Цели на проектот

Програмата поддржува инвестиции во зелени технологии со високи перформанси, материјали и решенија превземени во станбени живеалишта во приватна сопственост или згради. Натамошното кредитирање ќе биде согласно техничките и финансиските критерими за квалификување наведени во Документот за политиките на Програмата за финансирање на еколошки проекти - GEFF Западен Балкан 2. 100% од активностите се наменети за финансирање на зелени инвестиции.

## Влијание врз транзицијата

ЕТИ 80

**Екологија:** Проектот ќе придонесе кон градење на зелена економија преку проширување на рамката за кредитирањето на инвестиции во високи перформанси на зелена технологија за станбени технологии.

**Конкурентност:** Проектот ќе придонесе кон градење на поконкурентен финансиски сектор, преку развивање на капацитети на партнерство со финансиските институции за финансирање на еколошки економски проекти.

## Информација за клиентот

ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД

Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје е универзална комерцијална банка, седма по големина во Северна Македонија, со 4% пазарен удел на вкупните средства. Таа е во целосна сопственост на Штаермаркише Банк унд Шпаркасен АГ (Steiermarkische Bank und Sparkassen AG), Австрија, која неодамна ја превзема втората Охридска банка („ОБ”) од Сосиете Женерал (Societe Generale). Шпаркасе Банка Македонија и Охридска Банка ќе се спојат во јули 2021 година, по што новата банка ќе стане четвртата најголема банка на пазарот со 12% пазарен удел.

## Финансиско учество на ЕБОР

EUR 3,000,000.00

## Вкупна вредност на проектот

EUR 3,000,000.00

## Дополнителни бенефити

Дополнителни бенефити се постигнува со комбинирање на неопходното долгорочно финансирање на Шпаркасе банка Македонија со техничка помош и инвестициска поддршка, во пакет кој промовира инвестиции во резиденцијална зелена економија во Северна Македонија.

## Еколошко и социјално резиме

Категоризирано ФИ (ESP 2019). Шпаркасе банка Македонија е постоечки клиент и пред потпишувањето треба да достави годишен еколошки и социјален (ЕиС) извештај до Банката, за 2020 година. Од позајмувачот ќе се бара да продолжи да ги имплементира еколошките и социјалните ризици на менаџмент процедурите за микро, МСП и корпоративите кредити; да продолжи да биде усогласена со Процедурите за работење (ПР) 2,4 и 9, вклучувајќи исполнување на очекуваните еколошки и социјални списоци на исклучок и Референтни листи на ЕБОР воведени со Процедурите за екологија и социјални аспекти од 2019 година, како и да достави Годишни извештаи за еколошки и социјални работи до ЕБОР. Согласно потребите, натамошното кредитирање преку Програмата ЗБ GEFF 2, ќе треба да биде усогласена со ЕиС процедури на квалификување, за проекти со кои се финансира вода, хидро, соларна, геотермална и биомаса. Шпаркасе ќе треба да воспостави соодветен капацитет за менаџирање на ризик на ЕиС, со ангажирање на адекватно квалификувам ЕиС специјалист и со учество на обуките за ЕиС на ЕБОР кога ќе бидат достапни, во прилог на сите ЕиС недоследности/ неисполнувања на услови кои се идентификувани во годишниот ЕиС извештај

## Техничка соработка и финансирање со грант

**Техничка соработка (ТС)**: Доделени се ЕУР 2,965 милиони за техничка поддршка на оваа Програма, со кои ќе се поддржи финансирањето на проектите и натамошното кредитирање ( вклучувајќи индивидуално домување, заедничко домување, добавувачи и продавачи на зелени технологии, како и обезбедувачи на услуги). Целта на Техничката соработка е трансфер на вештините да-се-знае-како и да се подигне нивото на запознавање со инвестиции во технологии за современа енергетска ефикасност во резиденцијалниот деловен сектор, за транзиција на поддршка на зелената економија на Западен Балкан. Техничката соработка е основна за поддршка на подготовката, имплементацијата и мониторингот на Програмата. Истата за предложената трансакција е доделена од Специјалниот фонд на акционери и Владата на Австрија

**Ко-инвестициски грантови:** Програмата ЗБ GEFF 2 ќе биде поддржана и од ко-инвестициски грантови до ЕУР 9,63 милиони (за овие суми  на натамошно кредитирање до ЕУР 623,500), кои ќе бидат обезбедени од ЕУ, преку Инвестициската рамка за финансирање на Западен Балкан, за инвестициска поддршка на натамошното кредитирање, за имплементирање на натамошните проекти кои натаму ќе се квалификуваат, а се во согласност со нивоата и

критериумите за квалификување дадени во Изјавата за политиките на Програмата.

## Контакт информации за клиентот

Весна Матеска
Vesna.mateska@sparkasse.mk
+389 2 3200 516
+389 2 3200 515
sparkasse.mk
улица ,, Македонија “ 9-11, 1000 Скопје, Северна Македонија

## Последно ажурирање на Резимето на проектот

5 мај 2021

## Разбирање на транзицијата

Натамошни информации во врска со пристапот на ЕБОР кон влијанието врз транзицијата, може да се проверат тука.

## Деловни можности

За бизнис можности или набавки, контактирајте ја компанијата клиент.

За бизнис можности со ЕБОР (кои не се поврзани со набавка) контактирајте нé на:

Телефон: +44 20 7338 7168

Електронска адреса: projectenquiries@ebrd.com

За проектите на Банката со државниот сектор,  посетете ја веб страната Набавки на ЕБОР:

Телефон: +44 20 7338 6794

Електронска адреса: procurement@ebrd.com

# Општи прашања

За сите прашања околу проектите, можете да не контактирате преку онлајн Образецот за прашања за ЕБОР.

# Еколошки и социјални политики (ЕСП)

ЕСП и релевантните Барања за работење (БР) ги воспоставуваат практиките преку кои ЕБОР ги имплементира обврските за промовирање на „еколошки стабилен и одржлив развој”. ЕСП и БР вклучуваат специфични одредби за клиентите, кои треба да ги следат, заедно со применливите барања од локалните закони за јавно информирање и консултациите, како и воспоставување на механизми за жалба кои треба да ги добијат и да изнајдат решение за забелешките и поплаките на клиентите и засегнатите страни, особено за еколошкото и социјалното работење на клиентот и самиот проект. Пропорционално со природата и рамката на проектниот еколошки и социјален ризик и влијание, ЕБОР дополнително бара неговите клиенти да објават информации, согласно релевантните пракси, кои се поврзани со ризиците и влијанијата кои се појавуваат во проектите, да превземат разумни консултации со учесниците во проектот, и да ги разгледаат и да одговорат на поставените прашањата.

Повеќе информации за праксите на ЕБОР поврзани со оваа проблематика може да пронајдете тука.

# Интегритет и усогласеност

Канцеларијата на Главниот службеник за усогласеност (КГСУ) на ЕБОР, промовира добро владеење и обезбедува услови за имплементирање на највисоките стандарди на интегритет за сите активности на Банката, согласно најдобрите меѓународни пракси. Проверката на интегритетот се врши на сите клиенти на Банката, со цел да се обезбедат услови проектите да не претставуваат неприфатлив ризик за интегритетот или репутацијата на Банката. Банката верува дека идентификувањето и разрешувањето на проблемите во фазите на одобрување на проектот, се најефикасни средства за обезбедување на интегритетот на трансакциите на Банката. КГСУ игра клучна улога во овие заштитни напори, но помага и во мониторинг на ризиците поврзани со интегритетот на проектите во пост-инвестициската фаза.

КФСУ е одговорна и за испитување на обвинувањата за измама, корупција и лошо владение во проектите кои се финансирани од ЕБОР. Било кој во или вон Банката, кој се сомнева дека има измама или корупција, треба да достави писмена забелешка до канцеларијата на Главниот службеник за усогласеност, на електронска адреса на compliance@ebrd.com. Сите работи кои ќе бидат пријавени, ќе бидат обработени од страна на КФСУ и ќе следи соодветна активност. Сите пријави, вклучувајќи ги и анонимните, ќе бидат разгледани. Приговорите може да бидат поднесени на било кој јазик кој се користи во Банката или јазик во земјите каде Банката има свои канцеларии. Доставените информации мора да бидат за општа добра намера.

# Пристап до Политика на информации (ППИ)

ППИ пропишува како ЕБОР ги објавува информациите и се консултира со учесниците во проектот, со цел да промовира подобро спознавање и разбирање на стратегиите, политиките и проектите, следствено нивното стапување на сила од 1 јануари 2020 година. Ве молиме проверете на овој линк - Пристап до политики за информирање, за да дознаете кои информации се достапни на веб страната на ЕБОР.

Посебни барања за информации може да се доставаат преку Формуларот за прашања за ЕБОР.

# Независен механизам на приговори за проектот (НМПП)

Доколку справувањето со забелешките на клиентите или Банката, околу еколошките, социјалните и јавните објави на информации не се успешни (на пример, преку механизмите на жалба на ниво на клиент - проект или преку директна интеракција со менаџментот на Банката), поединците и организациите може да бараат нивните забелешки да се разгледаат преку релевантниот независен механизам на приговор за проекти на ЕБОР, креирани за оваа намена.

НМПП независно ги разгледува аспектите на Проектот кои се верува дека предизвикале (или има веројатност дека ќе предизвикаат) штета. Целта на механизмот е да поддржи дијалог помеѓу учесниците во Проектот во разрешување на аспектите од еколошки, социјални и јавни објави на информации; да определи дали Банката ги испочитувала еколошките и социјалните политики или одредбите кои се поврзани со проектот, во однос на Пристапот до политиките на информирање, и онаму каде што е релевантно, да се справи со било кои постоечки неусогласености со овие политики, истовремено спречувајќи идни неусогласувања со Банката.

Посетете ја веб страната Независен механизам за проектната отчетност (НМПО) за да дознаете повеќе за активностите и мандатот на истиот. Можете да поднесете барање за ревидирање или директно да го контактирате НМПО на електронската адреса ipam@ebrd.com  за да добиете упатства и повеќе информации за НМПО и за начинот на поднесување барање.